# РАБОТЕН ПЛАН

**За соработка помеѓу Царинската управа на Република Македонија и Федералната царинска служба (Руска Федерација) за спречување на царински прекршоци**

02-044786/17-2
10.07.2017

Царинската управа на Република Македонија и Федералната царинска служба (Руска федерација) (во понатамошниот текст: Страните),

водејќи се од Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Руската Федерација за взаемна помош и соработка по царински прашања од 27 јануари 1998 година (во понатамошниот текст: Договор),

со цел подобрување на ефективноста на спречувањето на шверцот и други царински прекршоци,

се договорија за следното:

## I. Организациски прашања

1. Страните можат да основаат заедничка руско-македонска работна група за спречување на царински прекршоци (во натамошниот текст: работна група) за решавање на прашања поврзани со спроведување на соработката и меѓусебната помош. Секоја Страна назначува раководител и членови на работната група и за сите промени веднаш ја известува другата Страна.
2. Седниците на работната група може да се одржуваат најмалку еднаш годишно. Доколку е потребно, седница може да се одржи со взаемен договор на Страните.
3. Размената на информации помеѓу Страните може да се врши преку овластени контакт лица, во согласност со Договорот. Страните ќе состават листи на контакт лица надлежни за спроведување на соработката. За сите промени во листите на контакт лицата, страните веднаш меѓусебно ќе се информираат.
4. Страните ќе соработуваат и на централно и на регионално ниво.

## II. Практични активности за спроведување

1. Страните ќе разменуваат информации за пратки или лица осомничени за или поврзани со царински прекршоци преку определени информативни канали.
2. Страните можат да разменуваат и други информации за кои сметаат дека би можеле да бидат од оперативен интерес за другата Страна.

3. Со цел откривање и спречување на царински прекршоци и кривични дела настанати при испорака на стока и средства кои се разменуваат помеѓу Руската Федерација и Република Македонија, Страните, по претходен договор, можат да спроведуваат заеднички оперативни активности (посебни царински операции). Таквите посебни царински операции можат да се реализираат во една или повеќе од следниве области:

3.1 Спречување на шверц со наркотични дроги, психотропни супстанци и нивни прекурсори;

3.2 Спречување на нелегална трговија со цигари и тутун;

3.3 Спречување на нелегална трговија со стока со заштитени права на интелектуална сопственост;

3.4 Спречување на трговски измами и избегнување на нетарифни ограничувања;

3.5 Спречување на шверц на заштитени видови по CITES;

3.6 Спречување на шверц со стока со културно вредност;

3.7 Спречување на шверц на штетни и (или) радиоактивни материјали;

3.8 Спречување на шверц на огнено оружје, експлозивни направи, муниција и друг вид вооружување.

4. По спроведување на посебна царинска постапка, Страните меѓусебно се информираат за резултатите и разменуваат искуства стекнати во текот на операцијата.

5. Со цел да се зголеми ефикасноста на соработката, Страните реализираат работни состаноци и семинари, како и други заеднички активности кои би можеле да бидат корисни за постигнување на целите на тековниот работен план.

6. Регионалните организациони единици на Страните можат да ги организираат заедничките активности наведени во под-точка 3 и 5, по добиена согласност со нивната централна управа.

## III. Користење на добиени информации и документи

Секоја информација која се разменува помеѓу страните според тековниот Работен план може да се користи исклучиво за целите на негово спроведување и согласно член 15 од Договорот.

**IV. Период на важност на Работниот план**

1. Работниот план ќе се спроведува од датумот на негово потпишување до 31 декември 2018 година.

2. Периодот на спроведување на тековниот Работен план може да се продолжи со размена на писма за согласност на Страните.

3. Измени на тековниот Работен план може да се направат само со писмена согласност на Страните.

Работниот план не претставува меѓународен договор и не создава права и обврски регулирани со меѓународното право.

Потпишан во Брисел на седми " 7 ", 2017 во два оригинални примероци на македонски, руски и англиски јазик.

Во случај на разлики при толкувањето на овој Работен план, текстот на англиски јазик ќе биде меродавен.

| | |
|---|---|
| За Царинската управа на Република Македонија | За Федералната царинска служба (Руска Федерација) |
| Наташа Радеска Крстевска, Директор | Руслан Валентинович Давыдов, Первый заместитель руководителя |